# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 14.10.2024 година<br>Скопје<br>Број 10 год. XIX | Претплатата за 2024 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


октомври, 2024 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Програма за измена на Програмата за урбано планирање Ф на Општина центар-Скопје за 2024 година, со Решение за објавување .................................................................... 1- 5

- Програма за измена на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2024 година, со Решение за објавување ........................................................................ 6 - 7

- Одлука  за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2024 година, со Решение за објавување ........................................................................ 8 - 9

- Јавни објави ....................................................................... 10 - 18

- Техничка исправка ............................................................ 19

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена на Програмата за урбано планирање ф на Општина Центар-Скопје за 2024 година**

Се објавува Програмата за измена на Програмата за урбано планирање ф на Општина Центар-Скопје за 2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 4. вонредна седница, одржана на 8.10.2024 година.

Бр. 09-4493/3
8.10.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15, 9/19, 14/19, 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 4. вонредна седница, одржана на 8.10.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ Ф НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

## ПОТПРОГРАМА Ф1 ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

### Член 1

Во Програмата за изменување и дополнување на Програмата Ф за урбано планирање на Општина Центар – Скопје за 2024 година („Службен гласник бр. 7/24") во насловот Потпрограма Ф1 за урбанистичко планирање, во точка II. Начин на распределба на средствата за финансирање во табеларниот приказ се прават следните измени:

- Износот на Вкупните расходи од 29.000.000,00 се менува со 24.500.000,00
- Износот на Договорните услуги од 26.250.000,00 се менува со 21.750.000,00
- Износот за Изработка на ДУП од 24.850.000,00 се менува со 20.350.000,00
- Во точка 6. износот 6.551.042,00 се менува со 2.576.742,00
- Во точка 7. износот 978.159,00 се менува со 384.742,00

**Програмата за изменување на Потпрограмата содржи:**

**I. Извори за финансирање**
**II. Начин на распределба на средствата за финансирање**
**III. Средства наменети за урбанистичко планирање**

## IV. Динамика за извршување
## V. Преодни и завршни одредби



## I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Програмата за изменување на Потпрограмата за урбанистичко планирање за 2024 година се финансира од буџетот за 2024 година.

## II. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Расходите за реализација според намената за урбанистичко планирање се:

| основна ставка | пот ставка | | Видови на расходи | | Планирани расходи | Предлог за репрограмирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Ф1. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| | | | **Вкупни расходи** | | **29.000.000,00** | **24.500.000,00** |
| **425** | **Договорни услуги** | | | | **26.250.000,00** | **21.750.000,00** |
| | 425640 | | **Изработување на ДУП** | | **24.850.000,00** | **20.350.000,00** |
| | | | **Детални урбанистички планови што се пренесени од Потпрограмата за 2023 година** | **ха** | **Забелешки** | |
| | | **1.** | **ДУП Градска четврт Ј 21-локалитет Клинички центар и Геолошки завод** | **43,5** | Приватна иницијатива во согласност со Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13; 42/14) | |
| | | **2.** | **ДУП Градска четврт И 05-Маџир Маало 2** | **12,1** | Договор бр.09-4953/10 од 05.12.2018: **114.318,00** (**40% од** 285.796,00) | |
| | | **3.** | **ДУП Градска четврт ЦС 14-Кале и СРЦ Кале** | **26,2** | Договор бр.09-3681/11 од 24.7.2015: **309.160,00** (**40% од** 772.900,00) | |
| | | **4.** | **ДУП Градска четврт ЦС 01- Француски гробишта, Тетовска трошарина и Парк 2** | **42,4** | Договор бр.09-3027/15 од 15.8.2018: **232.148,00** (**40% од** 580.371,00) | |
| | | **5.** | **ДУП Градска четврт З 12 - Парк 1 и дел од Дебар Маало 2** | **44,2** | Договор бр.09-595/9 од 23.2.2023: 3.596.190,00 односно **60%** = **2.117.753,00** | |
| | | **6.** | **ДУП Градска четврт Ј 07- Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара** | **136** | Договор бр.09-2826/17 од 9.8.2023: 12.883.712,00 односно **20%** = **2.576.742,00** | |
| | | **7.** | **ДУП Градска четврт ЦС 05-Крњево 1** | **17,5** | Договор бр. 09-4980/8 од 19.12.2023: 1.923.713,00 односно **20%= 384.742,00** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Детални урбанистички планови за кои се планираат постапки за изработување и донесување** | | | |
| | | **Име на детален урбанистички план/ површина** | | | **Врз основа на Тарифник („Службен весник на РСМ" бр.140/21) 60% од пресметаниот износ:** |
| | | **8.** | **ДУП Градска четврт Ц 05- Голем Ринг јужен дел** | 19,7 | **1.117.947,00** |
| | | **9.** | **ДУП Градска четврт ЦС 04 Блок 2-Пресвета Богородица** | **5,74** | **890.723,00** |
| | | **10.** | **ДУП Градски четврти Ц 01 и ЦС 03 - Мал Ринг** | **54,6** | **4.186.836,00** |
| | | **11.** | **ДУП Градска четврт ЦС 02 блок 01-Дуќанџик** | **8,2** | **646.365,00** |
| | | **12.** | **ДУП Градска четврт З 11 - Буњаковец 1 и Буњаковец 2** | **63,2** | **3.228.935,00** |
| | | **13.** | **ДУП Градска четврт З 10 -Дебар Маало 1 и дел од Дебар маало 2** | **46,5** | **2.316.890,00** |
| | | **14.** | **ДУП Градска четврт ЦС 08-Судска палата 1** | **4,5** | **303.872,00** |
| | | **15.** | **ДУП Градска четврт Ц 08-Ново Маало 2** | **8,9** | **388.434,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Детални урбанистички планови за кои нема започнати постапки за изработување и донесување** | | | |
| | | **16.** | **ДУП Градска четврт Ц 07-Градска болница** | **6,6** | |
| | | **17.** | **ДУП Градска четврт Ц 02-Влада на РСМ** | **5,7** | |
| | | **18.** | **ДУП Градска четврт ЦС 06-Судска палата 2** | **15,5** | |
| | | **19.** | **ДУП Градска четврт Ј 05-дел од Тасино чешмиче 1 и Барутана** | **6,9** | |
| | | **20.** | **ДУП Градска четврт И 12 блок 01-амбуланта Пролет *(О. Аеродром, О. Кисела Вода и О. Центар-Скопје)*** | **1,82** | |
| | | **Детални урбанистички планови за кои нема започнати постапки за изменување и дополнување** | | | |
| | | **21.** | **ДУП Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2** | **50,2** | Одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 |
| | | **22.** | **ДУП Градска четврт И 01-Маџир Маало 1** | **7,3** | Одлука бр.08-945/34 од 11.02.2021 |
| | | **23.** | **ДУП Градска четврт И 09-Нова железничка станица** | **8,6** | Одлука бр.08-5319/14 од 17.12.2020 |
| | | **24.** | **ДУП Градска четврт И 04-Даре Џамбаз** | **7,8** | Одлука бр.08-2925/6 од 11.06.2019 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Приватни иницијативи** | | | |
| | | **25.** | **Детални урбанистички планови или Изменувања и дополнувања на ДУП-по приватна иницијатива на физички или правни лица** | / | / |
| | | **Други расходи во функција на донесување на ДУП и годишни програми од надлежност на секторот** | | | |
| | | **26.** | **Заштитно-конзерваторски основи** | | |
| | | | **ДУП ГЧ ЦС 05 - Крњево 1** | По Договор бр.09-1113/1 од 01.03.2017: 200.000,00 Исплатени 20% = 40.000,00 | |
| | | | **ДУП ГЧ Ц 02 - Влада на РСМ** | По Договор бр.09-2044/1 од 20.04.2018: 120.000,00 | |
| | | | **ДУП ГЧ Ц 07 - Градска болница** | По Договор бр.09-2042/1 од 20.04.2018: 200.000,00 | |
| | | | **ДУП ГЧ ЦС 02.01 - Дуќанџик** | По Договор бр.09-2068/6 од 02.11.2018: 80.000,00 | |
| | | | **ДУП ГЧ ЦС 03 - Мал Ринг 2** | 250.000,00 | |
| | | **27.** | **Програми за поставување на урбана опрема и времени објекти** | **500.000,00** | |
| | | | **Програма за поставување на урбана опрема** | | |
| | | | **Програма за поставување на времени објекти** | | |
| | 425970 | **28.** | **Консултантски услуги** | **1.640.000,00** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **426** | | **Други тековни расходи** | | **750.000,00** |
| | 426120 | **29.** | **Членарини во домашни организации (овластувања)** | 50.000,00 |
| | 426410 | **30.** | **Објавување на огласи** | 700.000,00 |
| **464** | | **Разни трансфери** | | **1.760.000,00** |
| | 464990 | **31.** | **Други трансфери** | 1.760.000,00 |

## Член 2

Оваа Програма стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4493/2
8.10.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2024 година**

Се објавува Програмата за измена на Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 4. вонредна седница, одржана на 8.10.2024 година.

Бр. 09-4493/5
8.10.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 4. вонредна седница, одржана на 8.10.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена на Програмата за спорт и рекреација**
**на Општина Центар-Скопје за 2024 година**

1. Во Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2024 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 18/23) се врши измена во финансискиот дел на Програмата заради претходно планирани помалку средства во проектот со реден број 6 - „КК Работнички“.

| Реден број | Конто | Проект | Планирано во Програмата | Предлог со измена |
|---|---|---|---|---|
| 6 | 463120 | КК Работнички | 11.000.000,00 | 15.500.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | 11.000.000,00 | 15.500.000,00 |

Имено, измената гласи:

2. Измената се однесува на: проектот со реден број 6 „КК Работнички“ се врши измена во финансискиот дел каде што се дополнува со 4.500.000,00 денари.

3. Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-4493/4
8.10.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2024 година**

Се објавува Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 4. вонредна седница, одржана на 8.10.2024 година.

Бр. 09-4493/7
8.10.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002 година и Сл. Весник бр.202/2024 година), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите ( Сл. Весник на РМ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 , 192/15 и 167/16 ), Советот на Општина Центар-Скопје на 4. вонредна седница одржана на 8.10.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2024 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши прераспределба на средства во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2024 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Назив на потпрограма Назив на потставка | Буџет | |
|---|---|---|---|
| **Се намалуваат расходите на следната потставка:** | | | |
| **Ф10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | |
| **425** | **Договорни услуги** | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | -4,500,000.00 | ден. |
| | | **-4,500,000.00** | **ден.** |
| **Истите да бидат пренаменети на следната потставка:** | | | |
| **Л00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | |
| **463** | **Трансфери до невладини организации** | | |
| 463120 | Трансфери до спортски клубови | 4,500,000.00 | ден. |
| | | **4,500,000.00** | **ден.** |

### Член 2

Одлуката стапува во сила на денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Центар-Скопје и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Бр. 08-4493/6
8.10.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09-1554/13
Датум: 03.09.2024

Во согласност со член 63 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23 и 171/24), а во врска со член 62 став (10) Градоначалникот издава

**ПОТВРДА ЗА ЗАВЕРКА**
**на**
**Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.174 и ГП 5.229 со намена А1-домување во станбени куќи, согласно ДУП Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар – Скопје**

врз основа на издадените:

1. Позитивно **Мислење со број 09-1554/10 од 25.7.2024** година **од Комисијата за урбанизам** на барањето на одобрување на цитираниот Урбанистички проект доставен во информацискиот систем е-урбанизам **постапка број 51897**, изработен од ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Битола со технички број 0801-01-05/23 од јули 2024 година, во име на нарачателот Ивица Бојовски од Скопје,
2. **Известување бр. 26-1554/9 од 24.7.2024** година **дека идејниот проект** со технички број 19-1/2023 од ноември 2023 година, изработен од одговорен проектант Бранкица Јанеска, диа со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број: 1.2025 со важност до 21.7.2025 година, за Друштво за градежништво, трговија услуги БОЖИНОВСКИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Тетово со Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија број: П.613/Б со важност до 1.2.2026, **е изработен во согласност со член 48-а став (1) од Законот за градење** („Службен весник на РМ“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 18/11; 36/11; 49/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 129/15; 129/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18; 168/18) и („Службен весник на РСМ“ бр.244/19; 18/20; 279/20; 227/22 и 111/23),
3. **Одлука за донесување** Предлог-план за парцелација од Изменување и дополнување на ДУП Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, **бр. 08-3667/68 од 19.8.2024** година и
4. **Предлог за одобрување** на *Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на градежна парцела 5.174 и градежна парцела 5.229 со намена А1-домување во станбени куќи, согласно ДУП за градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје*, издаден од комисијата **со бр. 09-1554/12 од 30.8.2024** година.

Прилог на оваа *Потврда за заверка* е целокупната документација презентирана во информацискиот систем е-урбанизам за постапка број 51897.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**м-р Горан Герасимовски**



ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**бр. 27-2169/24 од 01.10.2024 год.**
**С К О П Ј Е**

До

**Бунова Благој Мирјана, ул. „Максим Горки" бр. 14, Скопје**
**Јакасановска Алексо Милка, ул. „Максим Горки" бр. 10/1, Скопје**
**Ордева Јордан Екатерина, ул. „Максим Горки" бр. 10, Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Известување на соседи**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, решавајќи по барањето на инвеститорите Славица Новкова, со живеалиште на ул. „Максим Горки" бр. 12 во Скопје, Владимир Димковски, со живеалиште на ул. „Даме Груев" бр. 7/7-13 во Скопје, и Друштво за посредување, градежништво, трговија и услуги ФИ-ЕЛ-АРДЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Охридска" бр. 13, Тетово, поднесено во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење под бр. 27-2169/1 од 19.04.2024 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А2 - Домување во станбени згради, на ул. „Максим Горки" бр. 12, КП 11801, КО Центар 1, Скопје, согласно г.п. 1.8 од ДУП: Детален урбанистички план за Градска четврт Ц 04, дом на градежници, донесен со Одлука бр. 08-708/2 од 28.01.2021 год. во Општина Центар - Скопје, согласно законска регулатива за градење на тој вид градба издаде **Одобрение за градење со бр. 27-2169/9 од 05.09.2024 год**.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, Одобрението станува правосилно.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**ИП1 бр. 33 – 135/2019 од 03.05.2022 г.**
**С К О П Ј Е**

Сектор за инспекциски работи при Општина Центар – Скопје, преку Овластен Градежен инспектор Игор Николовски, со службена легитимација број 82 – 0003, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор **СТАНИНОВ САШКО со адреса на живеење на улица „Луј Пастер“ бр. 21, Скопје,** ја утврди фактичката состојба и врз основа на **член 134, став 1, алинеа 1, член 135 алинеа 3 и член 137 став 1 од Законот за градење** (службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/2019 и 18/2020), го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ СТАНИНОВ САШКО со адреса на живеење на улица „Луј Пастер“ бр. 21, Скопје, по приемот на ова Решение во рок од (3) ТРИ ДЕНА ДА ЈА ОТСТРАНИ ГРАДБАТА – НАДГРАДБА НА ХОТЕЛ, осмо ниво над терен, изградено од челична конструкција и делумно застаклена со димензии 7м x 3.5м, на КП13496, КО Центар 1, Скопје, имотен лист број 2394, земјиште во сопственост на ИНВЕСТИТОРОТ и ПЛАТФОРМА од метална конструкција обложена со даски со димензии 16м x 4м, поставена односно изведена на КП13492, КО Центар 1, Скопје, имотен лист број 96246, земјиште во сопственост на Република Северна Македонија а воведено во градежен дневник бр. 17 од 03.05.2022 г. на овластениот градежен инспектор.**

**2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување.**

**3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.**

**4. Жалбата против ова решение не го одлага ивршувањето на решението.**

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Сектор за инспекциски работи при Општина Центар – Скопје, врз основа на **член 134, став 1, алинеа 1, член 135 алинеа 3 и член 137 став 1 од Законот за градење** (службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/2019 и 18/2020), преку Овластен Градежен инспектор Игор Николовски, со службена легитимација број 82 – 0003, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор **СТАНИНОВ САШКО со адреса на живеење на улица „Луј Пастер“ бр. 21, Скопје,** и состави Записник број ИП1 бр. 33 – 135/2019 од 22.03.2021 година, во кој е констатирано дека:

- На лице место на улица „Луј Пастер“ бр. 21, Хотел „ЕЛСА“, инвеститорот Сашко Станинов бесправно изградил надградба на хотел односно изградил 6ти и 7ми спрат за кои истиот НЕ ПОСЕДУВА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ И ОСТАНАТА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА и поради тоа Овластен градежен инспектор донел Решение ИП1 бр. 33-135 од 23.07.2019 година како и Заклучок за дозвола за извршување ИП1 бр. 33-135 од 24.07.2019 година. Овластен градежен инспектор направи контролен инспекциски надзор на предметната локација и утврди дека инвеститорот не само што **НЕ ПОСТАПИЛ ПО ДОНЕСЕНОТО РЕШЕНИЕ И ЗАКЛУЧОК** туку затекна изградба на **ДОПОЛНИТЕЛНА НАДГРАДБА**, осмо ниво над терен, градба од челична конструкција, делумно застаклена со димензии од 7м x 3.5м и платформа од метална конструкција обложена со даски со димензии 16м x 4м поставена односно изведена пред влезот на самиот хотел.

Овластен градежен инспектор по службена должност направи увид во Секторот за урбанизам И КОНСТАТИРА ДЕКА ЗА ПРЕДМЕТНАТА ГРАДБА (8МО НИВО ОД КОТА НА ТЕРЕН) како и за платформата **ИНВЕСТИТОРОТ НЕ ПОСЕДУВА ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ согласно член 59 и НЕ ПОСЕДУВА РЕШЕНИЕ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ОДНОСНО ПОСТАВУВАЊЕ согласно член 73 од Законот за градење.**

Со оглед на тоа што се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор според **член член 134, став 1, алинеа 1, член 135 алинеа 3 и член 137 став 1 од Законот за градење,** се донесе решение како во диспозитивот.

**Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение, согласно член 137 став 5 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.**

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение. Жалбата се таксира со 200,00 денери по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**Решено во Сектор за инспекциски работи при Општина Центар – Скопје, под број ИП1 бр. 33 – 135/2019 од 03.05.2022 година**

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Игор Николовски диа**
**Службена легитимација бр. 82 - 0003**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Ип1 бр. 33-135/2019 од 02.10.2024 г.
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19 и 18/20), донесе:

**З А К Л У Ч О К**

- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението бр. ИП1 бр. 33-135/2019 од 03.05.2022 год. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор во Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот **ИНВЕСТИТОРОТ САШКО СТАНИНОВ,** со седиште на ул. Луј Пастер бр.21 Скопје, **ВО РОК ОД 3(три) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: изградено **НАДГРАДБА НА ХОТЕЛ, осмо ниво над терен, изградено од челична к-ција и делумно застаклена со димензии 7.00x3.50м на КП 13496 КО Центар 1 ИЛ 2394 земјиште сопственост на инвеститорот и ПЛАТФОРМА од метална к-ција обложена со даски со димензии 16.00x4.00м на КП 13492 КО Центар 1 ИЛ 96246 земјиште сопственост на РСМ** , или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, со решение ип.бр. 33-ИП1-135/2019 од 03.05.2022г., му наложи на градителот **САШКО СТАНИНОВ,** со седиште на ул. Луј Пастер бр.21 Скопје, да ја **ОТСТРАНИ** градбата – изградено **НАДГРАДБА НА ХОТЕЛ, осмо ниво над терен, изградено од челична к-ција и делумно застаклена со димензии 7.00x3.50м на КП 13496 КО Центар 1 ИЛ 2394 земјиште сопственост на инвеститорот и ПЛАТФОРМА од метална к-ција обложена со даски со димензии 16.00x4.00м на КП 13492 КО Центар 1 ИЛ 96246 земјиште сопственост на РСМ.**

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.

Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник број 194 од 19 септември 2024).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**бр. 27-2788/9 од 08.10.2024 год.**
**С К О П Ј Е**

До

Андреева Алексоска Искра, ул.Иво Рибар Лола Бр.149, Скопје
Алексоски Драган, ул.И.Л.Рибар бр.149, Скопје
Зоран Кракутовски, ул.Стефан Јакимов Дедов бр7-5, Скопје
Христовски Антони, ул.Франклин Рузвелт бр.70, Скопје
Жарко Димишков, ул.Девол бр.14, Скопје
Александар Димишков, ул.Девол бр.14, Скопје
Горан Стоименов, ул.Р.Кончар бр.10, Скопје
Маја Лазаровска, ул.Вардарска бр.35, Скопје
Гаврил Бубевски, ул.Стефан Јакимов -Дедов бр.7, Скопје
Игор Кузмановиќ, Ул.Тоде Думба Бр75, Куманово
Никола Битрак, ул.Апостол Гусларот бр.48, Скопје
Јана Грозданова, Бул.Партизански Одреди бр.5, Скопје
Фадил Реџепи, С.Трапчин Дол, Кичево
Биљана Настова, Бул.Илинден бр.40, Скопје
Марија Ефремова, ул.Аминта Трети бр.67, Скопје
Марина Петровска, ул.Франц Лист бр.28
Александар Тенев, ул.Младинска бр.24, Струмица
Мишо Михајловски, ул.Петар Манџуков бр.101, Скопје
Ванѓа Тимова-Ендериќ, ул.5-Ти Ноември бр.151, Струмица
Александар Насковски, ул.Руѓер Бошковиќ бр.21, Скопје
Надежда Крлеска, ул.Пушкинова бр.9, Скопје
Маја Лазиќ, ул.20-Ти Октомври бр.15, Скопје
Мирослав Алкушовски, ул.Сливовска, бр.20Б, Скопје
Ели Панова, ул.11-Ти Октомври бр.10, Струмица
Александар Тенев, ул.Стефан Јакимов-Дедов бр.5, Скопје
Моника Ранѓеловиќ, ул.Франклин Рузвелт бр.5а, Скопје
Христијан Ѓорески, ул.Трајко Тарцан бр.5, Прилеп
Ирена Стојчевска Ѓуровски, ул.Борка Талевски бр.26, Скопје
Стојан Ѓуровски, ул.Борка Талевски бр.26, Скопје
Јасна Лековска-Стојановиќ, ул.Радњанска бр.6, Скопје
Марко Стојановиќ, ул. Кеј 13-Ти Ноември бр.8, Скопје
Друштво за транспорт, трговија и услуги Аксис Консалтинг Доо, ул.5-Ти Ноември бр.151, Струмица
Ристе Чемерски, ул.Сава Ковачевиќ бр.47И, Скопје
Марјан Манчев, ул.Ѓорче Петров бр.1, Скопје
Елена Рогановиќ-Манчева, ул.Ѓорче Петров бр.1, Скопје

**ПРЕДМЕТ: Известување на соседи**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, решавајќи по барањето на инвеститорите Друштво за градежништво, трговија и услуги Нени Констракшн дооел експ-имп со седиште на ул.Кеј 13 ти Ноември бр.12/кула3-9 Скопје и Ненад Атанасов со живеалиште на ул.Капиштец бр.14 во Скопје, поднесено во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење под под бр.27-2788/1 од 06.06.2024 година, за издавање на одобрение градење на објект од втора категорија, со намена А2- Домување во станбени згради, на Ул. „С.Јакимов Дедов“, КО Центар 1, КП 10147/1, 10147/2, 10147/3, ГП 4.7.22 согласно Одлука бр.08-165/8 од 16.01.2024 година за урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна

парцела од ГП 4.7 и ГП 4.22 од детален урбанистички план ДУП Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 1 со Одлука бр.07-3625/14 од 10.05.2012 година, согласно законска регулатива за градење на тој вид градба издаде **Одобрение за градење со бр. 27-2788/8 од 30.09.2024 год**.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, Одобрението станува правосилно.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**бр. 27-3634/7 од 08.10.2024 год.**
**С К О П Ј Е**

До
Сашко Коневски, ул.Мирче Оровчанец Бр.5, Скопје
Коневска Јован Дафинка Шахпаска, ул.Мирче Оровчанец Бр.5, Скопје
Даниел Димитриевски, ул.Мирче Оровчанец Бр.5, Скопје
Славко Јанчевски, ул,101, Туденце-Тетово
Јордан Бошковски, ул.Мајка Тереза Бр.6, Скопје
Трајановски Владо, ул.Вучи Дол бр.24, Скопје
Јелена Которчевиќ, ул.Мирче Оровчанец Бр.1, Скопје
Георгиевски Владимир, ул.Мирче Оровчанец Бр.1, Скопје
Трговско друштво за производство, кооперација и инженеринг Спик Доо, Бул.Парт.Одреди бр.72-А, Скопје
Георгиевски Владимир, ул.Мирче Оровчанец Бр.1, Скопје
Владо Трајановски, ул.Франце Прешерн бр.106-А, Скопје
Лука Которчевиќ, ул.Мирче Оровчанец Бр.1-15, Скопје
Которчевиќ Лука, ул.Вич, Бр.28, Скопје
Георгиевска Петре Цветанка, Бул.Парт.Одреди бр.53, Скопје
Верица Трајановска, ул.Мирче Оровчанец Бр.1, Скопје
Ана Страсер, ул.Мирче Оровчанец Бр.1, Скопје
Марјан Которчевиќ, ул.Мирче Оровчанец Бр.1, Скопје
Јосифоска Елена, ул.Мирче Оровчанец Бр.1/6, Скопје
Гогиќ Мирјана, ул.Косовски Бригади Бр.15, Куманово
Ана Страсер, ул.Вич Бр.28, Скопје
Мартина Трифуновска-Ѓорѓијоска, ул.Влае Бр. 87, Скопје
Ана Трифуновска, ул.Костурски Херои Бр.77, Скопје
Которчевиќ Марјан, ул.Вич Бр.28, Скопје
Ивановска Кристина, Бул.Парт.Одреди Бр.149- 43, Скопје
Лешков Моника, ул.Мирче Оровчанец Бр.1, Скопје
Которчевиќ Марјан, ул.Мирче Оровчанец Бр.1, Скопје
Друштво за градежништво и услуги Сајбер Бокс Инженеринг Дооел, Бул. Гоце Делчев.бр.11,Скопје

**ПРЕДМЕТ: Известување на соседи**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, решавајќи по барањето на инвеститорите Друштво за градежништво и услуги Бонанца Урбан ДОО со седиште на ул.Ѓорче Петров бр.4-1/лок 3 и 4 во Скопје, Магдалена Николовска со живеалиште на ул.Скоевска 2А во Скопје, Ирена Палифоровска со живеалиште на ул. Рокомија бр.46 во Скопје, Љубица Митева со живеалиште на ул.Ангел Димовски бр.8/6-18 во Скопје и Горан Ивановски со живеалиште на ул.Мирче Оровчанец бр.3 во Скопје, поднесено во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење под под бр.27-3634/1 од 08.08.2024 година, за издавање на одобрение градење на објект од втора категорија, со намена А2- Домување во станбени згради, на Ул. „Мирче Оровчанец" бр.3, КО Центар 1, КП 10576, согласно ГП 1.05 од ДУП Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 2 со Одлука бр.07-9331/10 од 10.12.2012 година, согласно законска регулатива за градење на тој вид градба издаде **Одобрение за градење со бр. 27-3634/6 од 02.10.2024 год**.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, Одобрението станува правосилно.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

**ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА**

Во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", број 9 објавен на 12 септември 2024 година, на страна 42 направена е техничка грешка во член 1 став 2 од Одлуката за давање на времено користење на деловен простор во сопственост на Општина Центар-Скопје на спортски федерации, односно во редот три од наведениот став, наместо бројот 885/7, треба да стои бројот 8885/7.